# ПРАВИЛНИК ЗА РАБОТА

НА ПРАВНАТА КЛИНИКА ЗА РАНЛИВИ ГРУПИ ПРИ ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“ - СКОПЈЕ

СКОПЈЕ,
ФЕВРУАРИ, 2017

# ПРАВИЛНИК ЗА РАБОТА НА
# ПРАВНАТА КЛИНИКА ЗА РАНЛИВИ ГРУПИ

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Правната клиника за ранливи групи (во понатамошниот текст Правна клиника) ќе работи на Правниот факултет – Скопје како една од формите на остварување на клиничко образование на студентите.

**Член 2**

Правната клиника ќе дава бесплатни услуги кои се состојат од давање правни информации и совети на лица од ранливи категории, како што се потрошувачи од ранлива категорија, лица од ЛГБТ заедницата, Роми, сексуални работници, семејства на затворени лица, социјално загрозени лица, како и сите други лица од ранлива и маргинализирана група.

**Член 3**

Цели на Правната клиника се:

- Градење на знаења и вештини на студентите за давање правни совети и информации на ранливи лица
- Зајакнување на капацитетите на институцијата за обезбедување практична настава на студенти во соработка со граѓански организации и иницијативи
- Поддршка на заедницата во остварување на правата на нејзини членови
- Градење синергии преку зајакнување на комуникацијата со граѓанските организации и институции за одбрана на правата на граѓаните
- Пружање бесплатни услуги во остварување на право од социјална заштита, здравствена заштита, права на ранливи категории потрошувачи, права на членови на семејства на притворени и затворени лица, правна заштита пред Народен правобранител.

## II. ОРГАНИЗАЦИЈА НА ПРАВНАТА КЛИНИКА

**Член 4**

Услугите опишани во член 2 ќе ги пружаат студентите под надзор на менторите.

**Член 5**

Студентите кои ќе бидат вклучени во работата на Правната клиника треба да ги исполнуваат следните услови:

- Да бидат студенти на додипломски студии на Правниот факултет „Јустинијан Први“ со запишан IV, V или IV семестар, или студенти на постдипломски студии на Правниот факултет „Јустинијан Први“ – Скопје.
- При селекцијата на студентите - кандидати за учество во Правната клиника, сметка ќе се води и за остварениот просек на студиите.

**Член 6**

Менторите кои ќе ја надгледуваат работата на студентите треба да бидат наставници на Правниот факултет, кои имаат стекнато научно звање доктор на правни науки и предаваат предмет во областа во која се даваат услугите.

**Член 7**

Менторската работа се состои во спроведување активности за воспоставување на Правната клиника, како и да во надгледување, водење и контролирање на работата на студентите – учесници.

**Член 8**

За организацијата и работата на Правната клиника ќе се грижи Координатор кој ќе работи по насоките на менторите.

Координаторот ќе биде избран согласно со програмата за работа на Проектот Правна клиника за ранливи групи.

## III. ОДРЕДБИ ЗА РАБОТАТА НА ПРАВНАТА КЛИНИКА

**Член 9**

Услугите опишани во член 2 кои ги даваат учесниците на Правната клинка се бесплатни.

Правните услуги се даваат во просториите на Правната клиника или преку електронска пошта и веб страницата на Правната клиника, и ќе бидат давани со најдобра намера и знаење, во согласност со принципите на чесност и совесност.

**Член 10**

Правните информации и совети кои ги дава Правната клиника се состојат од :

- Подготовка на поднесоци
- Помош во составување писмена и комуникација со институции
- Оценка на можност за барање заштита пред Народен правобранител

**Член 11**

Клиенти на Правната клиника може да бидат:

- лица од ЛГБТ заедницата
- Роми
- социјално загрозени лица
- сексуални работници
- семејства на затворени лица
- ранливи потрошувачи
- и други лица од ранлива или маргинализирана група

**Член 12**

Пред да бидат дадени услугите, клиентот треба да даде согласност за употребата на случајот за образовни цели.

**Член 13**

Правната клинка не може да ги застапува клиентите чии интереси се во контликт со интересите на некои од следните субјекти:

- Сегашни или поранешни клиенти на Правната клиника
- Студент, ментор или на некој друг член на Правната клиника
- Правниот факултет „Јустинијан Први“ – Скопје
- Лица кои се тесно поврзани со лицата вклучени во работата на Правната клиника во смисла на член 73 од Законот за кривичната постапка (Сл.Весник бр. 150/2010), односно ), односно: жртвата, оштетениот, брачниот, вонбрачниот другар на жртвата,

на оштетениот или на тужителот, ниту нивен роднина по крв во права линија, лице кое е повикано како сведок во постапката, освен ако според закон е ослободено од должноста за сведочење и изјавило дека нема да сведочи или ако лицата се сослушуваат како сведок во одредени случаи согласно Законот за кривичната постапка, ниту оние лица кои во ист предмет се сообвинети, ниту лице кое постапувало како судија, јавен обвинител или полициски службеник.

**Член 14**

Интервјуто на клиентот го води Координаторот на Правната клинка/ студентите-учесници во Правната клиника.

Целта на интервјуто е да се идентификува проблемот, да се добијат информации и да се соберат потребните документи.

**Член 15**

По спроведеното интервју студентите треба да подготват нацрт – мислење кое треба да содржи детален опис на фактите, правните аспекти на случајот, можните решенија и правниот основ за тоа. Ова нацрт-мислење треба да му понуди на клиентот одговори на сите негови прашања .

Нацрт-мислењето треба да ја отсликува моменталната правна состојба и да се повикува на изворите за фактичката состојба (информации од клиентот, писма, документи..)

Доколку е потребно нацрт мислењето треба да се повикува на релевантни законски прописи и правна литература.

**Член 16**

Нацрт-мислењето треба да биде разгледано и одобрено од менторот.

Студентите се должни да ги вклучат сугестиите и насоките на менторот во содржината на мислењето и во начинот на кој се даваат услугите.

Во случај студентот да не се сложува со предлогот на менторот за содржината и формата на услугата, треба да се изземе себеси од давањето на услугите во конкретниот случај, откако тоа ќе го забележи во досието на случајот.

**Член 17**

Целата документација, комуникација и информации кои се однесуваат на случајот, добиени од клиентите или од други лица се тајни.

Студентите-учесници во Правната клиника потпишуваат изјави за обезбедување тајност и заштита на личните податоци пред да отпочне нивниот ангажман.

**Член 18**

Правната клиника ќе донесе и Етички кодекс, кој ќе биде задолжителен за сите лица вклучени во работата на клиниката.

**Член 19**

Овој Правилник за работа влегува во сила со денот на неговото донесување.

**Правна клиника за ранливи групи**

**03.02.2017**